РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr. 12-1645/1
29-05-2025 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 18-та седница одржана на ден 21.05.2025 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-2815/1 од 30.10.2024 година, поднесена од подносител -------------------------- преку полномошник адвокат --------------------------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување во предметниот случај, поради тоа што пријавените наводи се однесуваат на прашања кои не се предмет на нејзино надлежно постапување, за истите се надлежни други органи кои постапиле и донеле одлука.

Пријавата да се достави на надлежно постапување до Судскиот Совет на Република Северна Македонија.

Предметот со број 12-2815/1 од 30.10.2024 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од познат подносител на ден 30.10.2024 година до ДКСК доставена е пријава со наводи за сомневање за незаконско постапување на судовите во поведена постапка за утврдување на право на сопственост над имот стекнат во заеднички брак, за поделба на заеднички имот по развод на бракот и за надомест на штета против лицето ----------------------, поранешен сопруг на подносителот.
Во пријавата се наведува дека Основниот граѓански суд Скопје донел Пресуда со бр.---------/--- од ден 04.10.2021 година, со која подносителот бил исклучен од правото на сопственост од 90% од вредноста на заедничкиот имот стекнат во брак со поранешниот сопруг, со образложение дека истата не учествувала во уделите во правните лица што нејзиниот

сопруг ги поседувал, туку учествувала само во создавањето и зголемувањето на недвижниот и движниот имот евидентиран како сопственост на горенаведеното лице. Од страна на подносителот преку адвокат биле искористени сите правни средства согласно закон пред повисоките судски инстанции и поведена е постапка пред Европскиот суд за човекови права во Стразбур, која е во тек.

По разгледување на содржината на пријавата, ДКСК констатира дека во конкретниот случај се работи за повреда на индивидуално право на подносителот, чија заштита ја побарал и остварил пред надлежните судови за што се донесени одлуки.

Имајќи го предвид горенаведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за надлежно постапување во предметниот случај, поради тоа што пријавените наводи се однесуваат на прашања кои не се предмет на нејзино постапување и пријавата ќе ја достави на надлежно постапување до Судскиот Совет на РСМ. Оттаму, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик претседател**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**

Изработил: м-р Ф.Ј., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р С.Д., Член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата